# Обука за обучувачи по претприемништво според ЦЕФЕ Методологија

U.S. Embassy Skopje

cefe Macedonia

**Креирање на регионални центри за претприемништво во Источна Македонија**



**Дали знаете што се пеперутките?** Нов усовршен модел на гасеници! Тоа што ние ви го гарантираме на оваа обука е вашата лична преобразба во претприемач и обучувач .

**Како го знаеме ова ?**
Секој од нас лично ја има поминато оваа преобразба.
Ако не покажеш, нема ни да знаеш!

**Придружете ни се на:**

07,08,09 февруари 2020 и 15,16 февруари 2020
Во х. Изгрев, Штип, Македонија

## Вовед



Во денешно време се соочуваме со неколку клучни проблеми, кои се закануваат длабоко да ја поткопаат Македонската економија:

- мигрирање на младите во развиените држави
- нивната невработеноста и
- ниското ниво на претприемачки вештини кои го намалуваат отпочнувањето на сопствен бизнис, кариера или професионален напредок во веќе постоечка компанија.

Дали ова го гледате околу Вас? Сте размислиле за следното?

- Да научите како да обучувате успешни претприемачи?
- Да охрабрувате млади луѓе во земјата да станат независни и самоодржливи?
- Да ја поттикнете креативната енергија на индивидуалците и да го искористиш овој потенцијал за развој на бизнисот, усовршување на вештините и создавање на нови претприемачи?

Ако одговорот е Да, тогаш можеме заеднички да го креираме решението:

Обуката за обучувачи по претприемништво, ја препознава силната социјална потреба за градење на претприемачки општества низ целиот свет кои ќе им овозможат на младите луѓе да ги остварат своите идеи и професионални планови.
Конкретно целта е да се охрабрат и создадат компетентни обучувачи кои ќе ги користат најдобрите практики од обуката за претприемништво согласно ЦЕФЕ методологијата.

## Што е ЦЕФЕ?




Германска Методологија која претставува кратенка од англискиот акроним CEFE Competency based Economies, trough Formation of Enterprises (Економии базирани на Компетенции, преку Формирање на Претпријатие).
Методологијата претставува сет на инструменти за обучување кои користат методи на учење базирани на практично искуство и се ориентирани кон акција. Создадена е со цел да ги развива и подобрува бизнис компетенциите, менаџерските и личните компетенции кај различни видови целни групи (претприемачи, менаџери, едукатори, студенти, невработени ... се до бегалци, земјоделци, затвореници, лица во незавидна позиција и други). Главно придонесува кон економски развој преку поттикнување на зголемување на приходи и нови вработувања.



Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk

Развиена е во 1980тите од Германското министерство за развој и економија, и се смета за еден од најуспешните методи за учење за развој на бизнисот. Во повеќе од 60 земји, бизнис советниците ја користат методологијата за поддршка на предприемачите во нивниот бизнис. ЦЕФЕ обуките се целосно адаптирани за учење и се ориентирани кон симулации, емпириско и интерактивно учество на учесниците.

## Обуката за обучувачи има за цел:



- Запознавање на обучувачите со ЦЕФЕ методологијата
- Запознавање на обучувачите со архитектурата на обуката, наставниот план и методологијата за работа
- Дискутирање на модулите за обука на претприемачи
- Совладување на техники и вештини за обучување
- Запознавање на обучувачите со процедурите и процесите (локализација, договарање, имплементација на обуката и нејзина евалуација, известување)
- Договарање на следните чекори
- Тим билдинг активности

## Кои се вашите придобивки?

- Зголемени обучувачки компетенции при употреба на ЦЕФЕ методологијата;
- Запознавање со најсовремените алатки и вежби како дел од оваа методологија;
- Подготвени и светски тестирани програми за обука за претприемништво (социјално претприемништво, иновации, бизнис вештини...);
- Можност да се работи како обучувач при реализација на пилот обуки во Источна Македонија и во други интернационални проекти;
- Набљудување и сертификација на учесниците кои се стекнуваат со право за лиценца за ЦЕФЕ обучувачи и кои ќе можат да работат на национално и меѓународно ниво;
- Зајакнување на капацитетите на организациите во процесот на преземање активности за еманципирање на младите луѓе во нивните региони, зголемување на нивниот капацитет за одржување на обуки за претприемништво, зголемување на приходот и отворање на можности за нови интернационални соработки на слични теми;
- Зајакнување на мрежата на ЦЕФЕ организации низ светот;
- Создавање на заеднички идеи и проекти за различни настани.
- Дополнителни обуки за развој на капацитетот при пишување на проекти и водење на активности за развој на заедницата.



Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk

## Што велат други професионалци за обуката?















Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk

## Како ќе ги постигнете знаењето и вештините?

Процесот на учење се базира на четири димензии: знаење, однос, вештини и навики. Преку движење низ фазите од свесност до преобразба, на учесникот ќе му биде овозможено да искуси личен напредок, да развие повисок степен на претприемачки приод кон животот, и да подготви сопствена нацрт бизнис идеја.

Неформалното учење е главната карактеристика на обуката.

Програмата на обука ќе биде составена од:



1. ВЕШТИНИ И ТЕХНИКИ НА ОБУЧУВАЊЕ:
   - Различни искуствениИ методи на обука
   - Улоги на обучувачи и фасилитатори
   - Златните правила на фасилитација
   - Комуникација
   - Фидбек и самооценување
   - Ориентирање кон пазарот во
   - Подготовка  на вежби и приложена фасилитација

2. ЕЛЕМЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ ЗА ОБУКАТА ЗА **МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**:
   - Претприемачки компетенции: поставување на цел, барање на информации, самодоверба, барање на можности, менаџмент на ризици, носење на одлуки, преземање на одговорност, учење од неуспех, упорност, посветеност на работата;
   - Правила и алатки за креативност, создавање на идеи и селекција;
   - Разбирање на пазарот, истражување и распределба на пазарот, маркетинг микс, буџет и план;
   - Вештини на менаџмент и водство, тимска работа, решавање на проблеми;
   - Организација на бизнис, ефективност, менаџмент на квалитет
   - Финансиски менаџмент: трошоци, инвестиции и финансиски план;
   - Финансиски изјави: профит и загуба, оптек на кеш, биланс на состојба;
   - Подготовка и презентација на нацрт бизнис идеја;

3. ПРАКТИЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКА ЗА БИЗНИС ВЕШТИНИ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

:



Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk

## Работен јазик

Сите учесници треба да зборуваат на македонски јазик, и по можност англиски, за успешна кариера во претприемништво и обучување!

## Сертифицирање

Сите учесници кои успешно ќе поминат 85% од обуката ќе добијат Сертификат за присуство и можност да аплицираат за лиценца за ЦЕФЕ обучувачи, издадена од ЦЕФЕ Македонија, а подоцна верификувана од ЦЕФЕ Интернационал.

## Кој треба да присуствува?

Обуката не е за туристи. Наменета е за луѓе кои се сериозни во нивната цел да ја започнат или подобрат нивната кариера како професионални обучувачи. Идеален профил на учесници се: младински работници, обучувачи, младински лидери, проектни менаџери, претприемачи, фасилитатори, професори и вработени во агенции за поддршка на претприемништвото. Сите заинтересирани ве охрабруваме да се пријавите на онлајн апликацијата, со напомена дека при избор на учесниците ќе се даде предност на кандидати кои живеат или делуваат во источниот дел на Македонија.

.

## Кои ќе бидат вашите обучувачи?

Искусни бизнис лидери кои работат повеќе години во полето на обука и консултанство и имаат организирано и реализирано бројни обука низ целиот свет со обучени повеќе од 5000 луѓе.



**Зоран Витанов*** Меѓународен ЦЕФЕ Обучувач и Советник, еден од ко-основачите на ЦЕФЕ Македонија, ко-сопственик на “Trade Consulting”, бизнис консултант и нетворкинг маркетинг професионалец.

Контакт: zvitanov@t-home.mk



**Јован Сталевски** Меѓународен ЦЕФЕ Обучувач и Советник, претседател на ЦЕФЕ Македонија, бизнис консултант, творец на интернационални проекти за економски развој, маркетинг професионалец. Контакт: j.stalevski@gmail.com

** Ќе биде дополнително потврдено*

## Организатор

ЦЕФЕ Македонија (www.cefe.mk) е организација формирана во 2008 во Скопје, Македонија и ние главно работиме со возрасни, млади и институции за промовирање и подигање вештините на претприемништвото и самовработување. Наш главен стандард во работата е професионалност, кој ќе биде примат за спроведување на обуката.

## Ние гарантираме резултати

Ако вие не сте среќни, ние не сме среќни. Вратете се на вашиот живот и применете ги новите техники и вештини што сте ги научиле на нашата обука. Ако не сте целосно воодушевени со резултатите што ги постигнувате, ведаш пишете ни. Ќе ве рефундираме.Тоа е нашата генерација!

Погледнете како беше на претходните ЦЕФЕ обуки:

Слики од Croatia

Слики од Macedonia

Pictures и video од Турција

Кул видео од ToT in Macedonia

## Што велат други професионалци за обуката?






## Пријавување и потврда на учество

За да аплицирате на обуката ве молам пополнете ја онлајн апликацијата.
На датумот на селекција ќе испратиме информација до сите апликанти за статусот на вашата апликација.
Краен рок за аплицирање: 31.01.2020
Селекција на учесници: 03.02.2020

## Контакт

Доколку имате дополнителни прашања, слободно контактирајте не:

- Благој Трајков, координатор на проектот во Источниот регион blagoj.t@cefe.mk +389 71 324 959
- Јован Сталевски, обучувач. j.stalevski@cefe.mk +389 78 437 267

## Обуката е дел од проектот

Креирање на регионални центри за претприемништво во Источна Македонија

## Ко-финансиран од

Амбасада на САД во Скопје, Македонија

## Спроведувач

ЦЕФЕ Македонија

## Партнери

Дополнително ќе биде комуницирано









Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk

## Главна цел на проектот

Организацијата за професионални обуки- ЦЕФЕ Македонија ќе спроведе проект за развој на капацитетите во времетраење од девет месеци со цел спречување на одливот на мозоци од Источниот регион на Македонија, преку зајакнување на компетенциите на економските актери во регионот.

Таргет група се експерти, лидери, потенцијални претприемачи, мали и средни претпријатија(SMEs), јавни институции и факултети.

Средствата ќе се искористат за создавање на нови центри на извонредност, кои ќе придонесат во задржување на талентираните мозоци од регионот, ќе ја намали невработеноста, и ќе го засили економскиот развој.

На крајот од проектот новите и постоечките претприемачи ќе се стекнат со бизнис компетенции и различни извори на поддршка што можат да ги употребат, јавните институции ќе се стекнат со човечки капацитет обучен да ги поддржи проактивно претприемачите, а новите центри ќе се стекнат со ресурси на Методологија за обука, проекти и know how за фокусирање на промоција на претприемништвото помеѓу младите во источниот дел од државата

ТИ – како учесник ќе бидеш дел од ОДРЖЛИВОСТА на проектот. Ќе бидете обучени согласно ново развиените модули на обука, ресурсни материјали и методи за вработување на младите.





Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија | ул. Никола Парапунов 33/57 | 1000 Скопје | Македонија
+389 78 201 854 | info@cefe.mk | www.cefe.mk